Почитувани сограѓани,

Драги пријатели,

Ја имам честа повторно да ви се обратам во својство на кандидат на Коалицијата „Сојуз за иднината“ предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за градоначалник на нашата општина Дојран. Како човек кој Дојран го избира за свој дом, имам силен мотив повторно да ја побарам вашата доверба, од причина што многу нешта не се по мерак и во согласност со потребите на сите нас – дојранчани.

Пред 16 години, кога во штотуку осамостоената Република Македонија се втемелуваше новиот систем на локална самоуправа, благодарение на вашата доверба, заедно со вас, успеавме Дојран да стане самостојна општина. Така како што сите посакувавме и така како што треба. Почнавме од нула, и во два мандати, заедно со вас успеавме да ги поставиме темелите на нова, млада и мала, но атрактивна, полна со енергија и перспективна општина.

Чекор по чекор, она што на почетокот изгледаше невозможно, стана реалност. Од желба, локалната самоуправа стана добра пракса. Општинската зграда, неопходната администрација, идеите на добронамерните дојранчани и сите пријатели на Дојран од ден во ден станува реалност.

Дојран со свој труд и залагање заслужи респектабилно место на картата на општините во Македонија, а за кратко време со заеднички идеи и проекти стекнавме и меѓународни пријатели и поддржувачи.

Не велам дека во три мандати од локалната самоуправа кои СДСМ ги имаше во Дојран направивме се, но најодговорно тврдам дека извлековме максимум од дадените можности наспроти потребите на дојранчани.

Најважно е што се обезбедија сите предуслови и се отворија реално можности Дојран да тргне по патот на една модерна европска општина кој може самата за себе да води грижа и да се развива.

За жал, денес Дојран како и повеќето општини во државата, не е повеќе локална заедница која пулсира во духот на локалната

демократија според желбите и потребите на дојранчани, туку само инструмент во рацете на ВМРО-ДПМНЕ за остварување на нивните планови и квази-проекти од кои се преродува само фамилијата околу Груевски.

Дојран застана, зјае раскопан од безидејноста и алчноста на власта. Мене како вљубеник во Дојран , денешната слика на нашата општина ме загрижува. Истата не ја одобрувам и сакам заедно со вашата доверба, заеднички нашата општина да ја вратиме на вистинскиот пат. Вистински и реално да ја возобновиме моќта на Езерото, гордоста на секој дојранчанец, да работиме на решавање на реалните проблеми, веднаш да се заложиме за мандат, луѓе, политика и проекти кои, не само што во иднина нема да ги принудиваат нашите деца да заминуваат од Дојран, туку и заминатите ќе ги вратат назад на родните огништа. Јас сум подготвен да се посветам на една таква благородна цел и затоа барам доверба за мандат за ваш градоначалник.

Искрено ваш,

Д-р Никола Ајцев

# ИНФРАСТРУКТУРА

## Водовод и канализација

***Проблем:***

Сите населени места во општината  имаат изградено систем за водоснабдување.. Во населените места Фурка, Црничани, Николиќ и Куртамзали со системите за водоснабдување управуваат месните заедници што е спротивно од законските одредби. Со исклучок на Куртамзали, во сите населени места водоснабдувањето е од длабочински бунари, црпењето на водата е со електрични пумпи што придонесува  цената на водата да биде скапа.

Во населените места Нов Дојран, Стар Дојран и Ѓочели со системите за водоснабдување управува  општинското Јавното претпријатие. Водоснабдувањето се врши од три бунари со електрични пумпи што придонесува  цената на водата да биде скапа.

Системите за водоснабдување во Нов Дојран и во Стар Дојран се изградени од поодамна, во поголем дел сеуште  има и салонитни цевки а поради големата висинска разлика од најниската точка до највисоката ( околу 70 м) често доаѓа до дефекти.

***Решение:***

Од проектот од ЕИБ (Европска Институциона Банка) е планирано  на Општина Дојран да и се доделат 208.000 евра. Нашиот кандидат за градоначалник Никола Ајцев  овие средства ќе ги искористи за поставување на мониторинг со далечински управување и електромагнетни вентили за регулирање на притисокот во системот за водоснабдување.

Како трајно решение ќе се бара приклучување на Хидро системот  за донесување дополнителни количини вода во Дојранското Езеро. Рок за реализација: 2014 година

***Проблем:***

Во Општината има изградено главен колекторски систем за заштита на Дојранското Езеро од фекални води. Системот е граден 1988 година такашто располага со застарена технологија, голема енергетска потрошувачка и чести дефекти.

Секундарната канализациона мрежа е изградена  во Нов Дојран околу 70 % а во Стар Дојран околу 40 %. Најголем дел од секундарната канализациона мрежа се изгради во периодот од 1997 година до 2008 година.

***Решение:***

Во моментот од Програмата ИПА за прекугранична соработка со Република Грција има одобрено проект за Реконструкција  на пречистителната станица , но ќе остане проблемот со препумпните станици од Главниот колектор (околу 8 км ) бидејќи тие се исто така застарени и со чести дефекти. Во втората фаза од проектот за прекуграничната соработка, кандидатот за градоначалник од редовите на „Сојузот за иднината" ќе ги вложи добиените средства во реконструкција на препумпните станици.

## Урбанизам

***Проблем:***

Состојбата со улиците е катастрофална во сите населени места. По населени места може да се каже дека во 2006 година се асфалтира главната улица во Фурка со одводен канал од атмосферски води, 2007 година се асфалтираа неколку улици во Николиќ и тоа е се!.

Во 2012 година се изврши асфлатирање  на една улица во новата населба Карач – Стар Дојран.

Најлоша  е состојбата со улиците во Нов Дојран,  и 50 % од улиците во Стар Дојран.

***Решение:***

Тешко е со општинскиот буџет да се реши проблемот со улиците доколку не се добијат средства од некоја донација или од централната власт. Сепак, приоритет ќе се даде на населбата Нов Дојран како најголема населба и асфалтирање на улиците „Ристо Калов", „Антон Панов" и „Јане Сандански". Овие инфраструктурни зафати ќе

бидат реализирани уште во првата година од мандатот на нашиот градоначалник со сопствени средства од Општината.

***Проблем:***

Како проблем од еколошки карактер е заштитата на Дојранското Езеро. Почнувајќи од недостатокот на вода, растителниот свет вклучително и рибниот фонд. Повеќе од 6 години немаше концесионер а сегашниот, барем на почетокот , не дава надеж дека состојбата со риболовот на Дојранското Езеро ќе се подобри.

Управувањето со цврстиот отпад, поточно, начинот на негово осбирање, транспортирање и депонирање е под секое ниво. Опремата со која се собира отпадот е дотраена и не е за понатамошна употреба. Состојбата со депонијата е катастрофална.

Како што е познато во 2008 година Дојран го зафати голем пожар има изгорено поголема површина и истата треба да се пошуми. За жал, пошумувањето на се врши на изгорената површина туку сосема на други места.

***Решение:***

Решение на овој проблем за жителите на Дојран е изградба на Регионална депонија. Бидејќи е регионална, не може да биде во надлежност само на општина Дојран, туку и на околните општини. Планираме соработка со општините Струмица, Богданци, Гевгелија, Валандово, Конче, Радовиш, Босилево, Ново село и Василево. Овој проект планираме да го реализираме во рок од една година.

# Сообраќај

***Проблем:***

Состојбата со паркинзите не е задоволителна особено во летната туристичка сезона. Во текот на 2012 година се изгради паркинг простор во Стар Дојран за околу 400 возила, но за време на викендите тие се претесни да ги примаат сите возила.

И во Нов Дојран проблемот со паркинг простор е присутен, возилата се паркираат по улиците а тие се тесни и се јавува проблем во разминувањето, а посебен проблем е паркирањето по главната улица која всушност е и Регионелен пат.

***Решение:***

Со примена на концептот на јавно-приватно партнерство ќе избереме компанија која целосно ќе го регулира паркирањето во нашата општина и воедно ќе ја подобри вертикалната и хоризонталната сигнализација. На овој начин ќе го решиме сообраќајниот хаос кој особено е изразен во периодот од мај до септември секоја година. Рок: 2014 година

## Речно корито

***Проблем:***

Во ова област како проблем кој мора да се решава во континуитет е дел од коритото на Дојранското Езеро од кое е повлечена водата. Тој проблем мора да се решава во континуитет се до моментот додека не  дојде нивото на водата  во првобитната состојба.

Владата на Република Македонија  сакајќи да го реши тој проблем езерскиот брег го даде под концесија на правни или физички лица, за наводно тие  да го чистат коритото и одржуваат плажите, но практиката покажа дека тоа е најголемата грешка. Концесионерите се грижат само за шанковите изградени покрај брегот на езерото, но не и за другите концесиски обврски, како чистење на езерското корито и одржување на крајбрежните плажи.

***Решение:***

Новиот состав на Советот на општина Дојран и нашиот кандидат за градоначалник од редовите на „Сојузот за иднината“ ќе ги преиспита концесиските договори и ќе ги преземе сите правни мерки за нивна доследна реалзиција. Првенствено, ќе се погрижиме за исполнување на обврските на концесионерите преземени со склучените договори. Тоа ќе значи дека плажите во нашата општина ќе мора да бидат уредени со целокупна туристичка инфраструктура согласно доставените

елаборати. На тој начин крајбрежјето на Дојран ќе го направиме гордост за нашите граѓани, како и предизвик за голем број туристи.

*Рок: Во првите три месеци од добивањето на градоначалничкиот мандат.*

## Наводнување

***Проблем:***

Иако во општина Дојран се смета дека туризмот е главна водечка гранка сепак, особено во последните години, може да се каже дека поголем дел од населението својот леб го заработуваат од земјоделството.

Заработувачката би била многу поголема доколку во нашата општина постоеше систем за наводнување.

Земјоделците наводнувањето го вршат индивидуално со бушење бунари што е тешка и скапа инвестиција и влијае на цената на производот.

Навремено кога се планираше Хидросистемот Ѓавото требаше, меѓу другото, да служи и за наводнување на земјоделските површини, но таа идеја сеуште не е реализирана..

***Решение:***

Како решение „Сојузот за иднината" нуди изградба на Систем за наводнување на земјоделските површини од населените места Фурка, Црничани, Николиќ и Нов Дојран со напојување вода од Хидросистемот Ѓавото. Рок: првата година од градоначалничкиот мандат.

# Економски развој

***Проблем:***

Во повеќето населени места во општина Дојран ( Нов Дојран, Фурка, Црничани, Николиќ , Ѓопчели) не се направени одамна никакви инвестиции, ниту пак инфраструктурни објекти или проекти кои водат кон подобар и поквалитетен живот на граѓаните.

***Решение:***

Кандидатот за градоначалник од Коалицијата „Сојузот за иднината„ Никола Ајцев ќе изврши поплочување на најмалку 1.000 м2 во централниот дел од наведените населби и истовремено ќе постави клупи, ќе го оплемени просторот со насадување дрва, украсно цвеќе и мали фонтани. Реализацијата на овој проект ќе започне веднаш, а ќе трае во текот на целиот мандат на нашиот кандидат за градоначалник.

***Проблем:***

Индустриската зона во местото Душановац претставува ледина без ниту една инвестиција или стопански објект! Локалната власт нема превземено ниту една мерка со која би сторила чекор во правец на привлекување на инвеститори.

***Решение:***

Коалицијата „Сојуз за иднината“ и новиот градоначалник на Дојран, Никола Ајцев, планираат во текот на целиот иден мандатен период да се посветат на создавање инфраструктурни услови (пристапни патишта, вода, електрична енергија) за заживување на индустриската зона во Душановац, со цел да се привлечат инвеститори кои ќе вработат поголем број стручни кадри-жители на Дојран. На инвеститорите ќе им се понуди ниска откупна цена на земјиштето и ослободување од плаќање на комуналиите кон општината за секои 10 вработувања на наши сограѓани!

***Проблем:***

Во последните години нема отворено  било каков објект за мал бизнис, нема нови вработувања, освен во јавните установи и локалната самоуправа, нема ниту Програма за вработување на младите.Тоа е сериозен проблем бидејќи општината се соочува со миграција на  младите луѓе поради  вработување во поблиските градови, Скопје или странство. Ако годишно во општината  на факултетите во земјата  или странство дипломираат  од 12 до 15 лица , поради вработување 80 % мигрираат во Скопје или странство.

***Решение:***

Претходно предложениот проект за инвестирање во индустриската зона Душановац, како и рестартирањето на постојните туристички објкети,  ќе значи и решавање на горливиот проблем на невработеност и исселување на младите од Дојран. Предност при вработувањата ќе бидат дадени на младите и високообразовани кадри, на стручните и квалификувани лица, а за тоа на компаниите ѓе им се понудат разни даночни ослободувања и олеснувања.

# Подобри услуги за граѓаните

## Едношалтерски систем

***Проблем:***

Не функционира едношалтерскиот систем  во општината.

***Решение:***

Новата локална власт предводена од „Сојузот на иднината“ ќе спроведе целосен едношалтерски ситем во општина Дојран, со што на граѓаните ќе им биде олеснет пристапот до услуги кои ги нудат општинските служби. Рок за реализација: првите шест месеци од мандатниот период.

# Квалитетен живот

## Спорт

***Проблем:***

Голем проблем за опшина Дојран претставува непостоењето на фискултурна  сала. За нашата младина, за децата, за спортистите неопходно е општината да инвестира во ваков капацитет.

***Решение:***

Идниот градоначалник и совет од Коалицијата Сојуз за иднината се обврзуваат да изградат затворена мултифункционална фискултурна сала за кошарка, ракомет и други спортски дисциплини на локација до централното основно училиште „Кочо Рацин“ во Нов Дојран. Овој проект ќе биде реализиран во периодот на 2014/2015 година.

***Проблем:***

Фудбалот како спорт е замрен во општина Дојран. Од општина во која се развиваа големи фудбалски таленти, денес младите кои сакаат и активно тренираат фудбал нема каде да се зачленат бидејќи во Дојран не постои наш локален фудбалски клуб. Општината ниту инвестира во овој спорт, ниту создава услови за негово негување и инвестирање од страна на приватните стопанственици.

***Решение:***

Новата општинска власт ќе финансира средства за возобновување и повторно активирање  на ФК „Дојранско езеро“ и ќе овозможи сериозни услови и погодности за спонзорства на нашиот клуб од страна на заинтересираните приватни стопанственици. Рок: 2013/2014.

# Култура

***Проблем:***

Од областа на културата како проблем останува реконструкцијата на руинираните Домови на културата во Нов Дојран, Црничани и Фурка.

***Решение:***

Постојните културни домови од темел ќе бидат рекоструирани и соодветно опремени со инвентар кој ќе овозможи нивна мултифункционална димензија за негување на културата и идентитетот на сите граѓани на општина Дојран. Така, во централниот Дом на културата во Нов Дојран, ќе биде предвиден посебен термин за културни манифестации и активности за нашите сограѓани од турската националност, особено од населените места Ѓопчели и Куртамзали. Рок на реализација: во текот на целиот мандатен период на градоначалникот.

# МОЕТО МААЛО,

# МОЕТО СЕЛО

## НОВ ДОЈРАН

Враќање на Градската Плажа „Калдрма„ во првобитната состојба.

Изградба на фонтана и поставување клупи на влезот на Градскиот пазар.

## ФУРКА

Адаптација на просторија од Домот на културата во Клуб на пензионери.

До изградбата на канализационен систем за фекални води ќе се врши редовно чистење на септичките јами од страна на јавното комунално претпријатие по поволни цени.

## ЦРНИЧАНИ

-Асфалтирање на улицата од центарот на селото во фудбалското игралиште.

-Изградба на мини игралиште за кошарка во центарот на селото.

## НИКОЛИЌ

-Поплочување на една страна од тротоарот од улицата од влезот на населбата до училиштето.

-Поравнување и насипување на патот до „Николичка плажа“.

## СТАР ДОЈРАН

-Посебна Програма за одредување локации од времен карактер за летната туристичка сезона.

-Довршување на канализацијата од улицата „Никола Карев“.

##ЃОПЧЕЛИ

-Одредување на локација  вон населеното место за изградба на објекти-штали за чување на сточниот фонд .

-Уредување на централниот дел од населбата  со изградба на мини игралиште за одбојка.

## КУРТАМЗАЛИ

-Одредување на локација  вон населеното место за изградба на објекти-штали за чување  насточниот фонд .

-Уредување на централниот дел од населбата  со изградба на детско игралиште.